АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 12 од Статутот на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, Одборот на директори на **69 –ти** состанок одржан на **31.10.2014 година** донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за организациона поставеност на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

**член 1**

Со овој Правилник поблиску се уредува организационата и структурна поставеност на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, (во натамошниот текст: Друштвото), делокругот на работа на Дирекцијата и Подружниците и други прашања.

### 1. Организациона и структурна поставеност на Друштвото

**член 2**

Заради обезбедување целосно, ефикасно, навремено и рационално вршење на работите, поврзување и координирање на работата и остварување на соработка на Друштвото со корисниците на неговите услуги, во вршењето на работите од делокругот на Друштвото, основните облици на организационата и структурна поставеност за извршување на работите се:

- Дирекција на Друштвото со сектори
- Подружници со работни единици, сектори и служби

Подружниците на Друштвото се организациони и економски делови на Друштвото. Преку Подружниците, Друштвото ги врши дејностите и работите од предметот на неговото работење, надвор од седиштето.
Подружницата се организира со одлука којашто ја донесува Одборот на Директори во согласност со Статутот.
Подружниците немаат својство на правно лице, но организирањето и бришењето на подружниците се забележува во регистарската влошка во којашто е запишано Друштвото.

Подружниците во друштвото се:
- Подружници организирани според територијален принцип и

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

- Подружници организирани според функционален принцип

Во подружниците организирани според територијален принцип непосредно се вршат работите од дејноста на Друштвото утврдени со Статутот, за подрачјето за кое се основани.
Во подружниците организирани според функционален принцип, се вршат одделни работи од дејностите на друштвото – организирање на паркирање на возила или друга дејност за која постои обврска за користење фискален апарат, надвор од седиштето на друштвото, односно подружницата.

Со подружницата раководи раководител. Раководителот го организира и раководи процесот на работењето на подружницата.

Раководителот на подружницата организирана според територијалниот принцип е истовремено раководител и на подружниците организирани според функционалниот принцип, кои се со седиште на територијата на таа подружница.

Друштвото е организирано во 15 подружници и тоа:

1. Подружница Скопје
2. Подружница Битола
3. Подружница Куманово
4. Подружница Прилеп
5. Подружница Струмица, со работна единица Гевгелија ,
6. Подружница Кичево
7. Подружница Штип
8. Подружница Кавадарци
9. Подружница Велес
10. Подружница Охрид, со работна единица Струга и работна единица Дебар
11. Подружница Тетово
12. Подружница Кочани, - организирани според територијален принцип, и

13. Подружница Паркинг Центар
14. Подружница Катна гаража „Разловечко востание“
15. Подружница Катна гаража „Солунски Конгрес“, сите со седиште во Скопје, организирани според функционален принцип

Внатрешната организациона и структурна поставеност во рамките на секторите и службите и работните места се определуваат во Правилникот за систематизацијата на работните места.

**член 3**

Раководни работници во друштвото се:

- Генералниот директор на Друштвото
- Помошници на Генералниот директор

- Раководителите на подружниците
- Заменик раководител на подружница Скопје

## 2. Делокруг на работа на Дирекцијата и Подружниците

**член 4**

Дирекцијата преку секторите на Друштвото врши советодавно-инструктивни и контролни работи од дејноста на Друштвото како целина и за Подружниците, и тоа:

- Контрола на реализација на Програмите;
- Контрола на извршувањето на актите на Друштвото;
- Следење и врз основа на тоа подготвување единствени критериуми и методологија за работа на подружниците;
- Координирање на работата за обработка на податоци на подружниците и други информативно-технички работи;
- Следење на трошењето на средствата по видови, нивно споредување со плановите и вкупниот приход и предлагање мерки за рационализација;
- Координирање и следење на наплатата на закупнината, побарувањата на Друштвото по склучени договори и други видови наплата на услугите;
- Координирање и следење на застапувањето по подружниците;
- Советодавно-инструктивни работи во врска со унифицирано и еднакво работење во работите од дејноста на Друштвото.

Во Дирекцијата се вршат и следните работи:

- Изготвување програми, планови, годишни сметки и други општи акти
- Организирање состаноци на Одборот на директори, изготвување на донесените акти и нивно доставување
- Работите во врска со јавните набавки
- Работите во врска со внатрешната ревизија
- Работите во врска со маркетингот
- Работите во врска со информациите од јавен карактер
- Водење на централна евиденција на недвижности со кои стопанисува Друштвото
- Водење на централна евиденција на комитентите на Друштвото

Во Дирекцијата непосредно се вршат и определени работи од дејноста на Друштвото и тоа:

- Организирање и изградба на станбен и деловен простор на територијата на општините на градот Скопје
- Вршење работи на застапување на Друштвото пред судовите органите на управа, и единиците на локална самоуправа

Дирекцијата врши и други работи во согласност со Закон, Колективен договор и други општи акти

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**член 5**

Во Подружниците организирани според територијалниот принцип, се вршат следните работи:

- Непосредно извршување на работите од дејноста на Друштвото, како стопанисување со станбен и деловен простор, организирање на изградбата на станбен и деловен простор, комерцијални работи за продажба на станбен и деловен простор, и други работи
- Наплата на закупнина, побарувања по склучени договори и наплата за други видови на услуги
- Изготвување на елементи за програмите, плановите годишните и периодичните сметки и другите акти
- Предлагање за донесување акти од страна на Одборот на директори и Генералниот директор на Друштвото
- Спроведување на програмите, плановите и другите акти на Собранието и Одборот на директори
- Изготвување информации, извештаи, анализи за сопствени потреби и по барање на Дирекцијата
- Изготвување податоци за висината на закупнината на станбен и деловен простор и за нивната наплата
- Вршење на доверените работи од уредувањето на градежното земјиште и други доверени работи
- Водење евиденција на станбениот и деловниот простор и други евиденции
- Вршење застапување на Друштвото за подрачјето на Подружницата

Подружницата организирана според територијален принцип ги врши кадровските, правните, финансиските и други стручно-административни работи кои не се вршат во подружниците организирани според функционалниот принцип, за подружниците организирани според функционалниот принцип со седиште на нејзиното подрачје.

Во подружниците организирани според функционалниот принцип, се вршат одделни работи од дејноста на Друштвото, како што се организирање на паркирање на возила, на паркинзи и катни гаражи како и други работи за кои постои обврска за користење фискален апарат, надвор од седиштето на друштвото, односно подружницата.

Подружниците вршат и други работи во согласност со Закон , Колективен договор, Статутот и други општи акти.

3. **Систематизација на работни места**

**Член 6**

Заради извршување на работите од дејноста на Друштвото, а според организационата и структурна поставеност на Друштвото работните места со

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

определени посебни услови од работното место и описот на работите се утврдени во Правилник за систематизацијата на работни места.

**Член 7**

Овој Правилник се објавува на огласна табла во Дирекцијата и Подружниците како и на ВЕБ страната на Друштвото.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот донесувањето.

**Бр. 02-12980/3-1**
**Скопје 31.10.2014 година**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**Претседател,**
**Тони Димитриоски**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 27 од Статутот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, (пречистен текст), а во врска со Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 42-4677/1 од 24.06.2016 година донесена од Владата на Република Македонија, Одборот на директори на својот **103-ти** состанок одржан на **22.07.2016 година**, донесе

# ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за организациона поставеност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

## Член 1

Во Правилникот за организациона поставеност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 12980/3-1 од 31.10.2014 година во членот 2, ставот 7 се менува и гласи:

„Друштвото е организирано во 16 подружници и тоа:

I Подружници организирани според територијален принцип

1. Подружница Скопје
2. Подружница Битола
3. Подружница Куманово
4. Подружница Прилеп
5. Подружница Струмица, со работна единица Гевгелија
6. Подружница Кичево
7. Подружница Штип
8. Подружница Кавадарци
9. Подружница Велес
10. Подружница Охрид, со работна единица Струга и работна единица Дебар
11. Подружница Тетово
12. Подружница Кочани

II Подружници организирани според функционален принцип

1. Подружница Паркинг Центар со седиште во Скопје
2. Подружница Катна гаража„Разловечко Востание“со седиште во Скопје
3. Подружница Катна гаража„Солунски Конгрес“со седиште во Скопје и
4. Подружница Катна гаража „Кресненско Востание“ со седиште во Скопје“

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**Член 2**

Овој Правилник се објавува на огласна табла во Дирекцијата и Подружниците како и на ВЕБ страната на друштвото

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

**Бр.02-10130/7**
**Скопје, 22.07.2016 година**

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Андриана Стојановска Аврамовска**

СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје на својот 69-ти состанок одржан на ден 31.10.2016 година донесе Правилник за организациона поставеност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 12980/3-1 од 31.10.2014 година.

На својот 103-ти состанок одржан на ден 22.07.2016 година, Одборот на Директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје донесе Одлука за организирање на Подружница Катна Гаража “Кресненско Востание“- Скопје бр.02-10130/6.

Согласно член 1 од донесената одлука, во Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, заради вршење дејности и работи надвор од седиштето на Друштвото, што се однесуваат на стопанисувањето со Катна Гаража „Кресненско Востание “- Скопје, на ул „Филип Втори Македонски“ бр. 9А во Скопје, се организира подружница Катна Гаража „Кресненско востание“- Скопје.

Со оглед на наведеното, а имајќи го предвид фактот дека во донесениот Правилник за организациона поставеност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 12980/3-1 од 31.10.2014 година, вкупниот број на подружници на Акционерското друштво е 15, потребно е да се извршат соодветни измени во наведениот правилник.

Врз основа на наведеното, Одборот на Директори на Акционерското друштво го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организациона поставеност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.